РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-334
04-11 2022 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 55 ставови 6 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3763/1 од 07.10.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-4013/8 од 03.11.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 41-та седница одржана на 03.11.2022 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно Друштво (ТРД) КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 23-ти септември 2022 г., во изданието на говорната – шоу програма со забавна медиумска функција „Pastel“, промотивно се препорачуваат и им се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производите на „Зегин“ и „ЈМ Органикс“.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3763/1 од 07.10.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенција) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 55 ставови 6 и 7 од ЗАВМУ пропишува дека програмите кои содржат пласирање на производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување (став 6). Во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор (став 7).

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 6-ти октомври 2022 г., изврши вонреден, по службена должност програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23-ти септември 2022 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 55 ставови 6 и 7 од ЗАВМУ.

Во премиерното издание на емисијата „Pastel“, по жанр - говорна-шоу програма со забавна медиумска функција, на 23 септември 2022 г., направен е прилог со промотивна цел за производи на „Зегин“ и „ЈМ Органикс“. Пласираните производи, се поставени како централно снимен објект на студиската сценографија и посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување, со што е направен прекршок на член 55 ставови 6 и 7 од ЗАВМУ.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3763/1 од 07.10.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје на 10.10.2022 г., испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-3763/2 од 10.10.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3763/1 од 07.10.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 10.10.2022 г. Во предвидениот рок, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 03.11.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 ставови 6 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3763/1 од 07.10.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-4013/8 од 03.11.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 03.11.2022 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3763/1 од 07.10.2022 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Примено / Прием: 07.10.2022 — 10 3763 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по службена должност;
2. **Субјект на надзорот:** Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 23 септември 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 6 октомври 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;**
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14)
6. **Претходно изречена мерка:** /
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД КОМПАНИ 21–М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23 септември 2022, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на членот 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (став 6 - програмите кои содржат пласирање на производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување; став 7 - во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор).

Во премиерното издание на емисијата „Pastel“, по жанр - говорна-шоу програма со забавна медиумска функција, на 23 септември 2022 година, направен е прилог со промотивна цел за производи на „Зегин“ и „ЈМ Органикс“.

Пласираните производи, се поставени како централно снимен објект на студиската сценографија, и посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување, со што е направен прекршок на член 55 ставови 6 и 7 од ЗАВМУ, и на насоките од точките: 21, 22, 23 и 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, опфатени под заеднички поднаслов – *„Забрана за директно поттикнување или прекумерно истакнување.*

- Во точката 21 е наведено дека програмите кои содржат пласирање производи не смеат, преку нагласено промовирање или препорачување, директно да ги поттикнуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмуваат производите или услугите. На производите или услугите кои се пласираат во програмите не смее да им се придава претерана важност, преку истакнување или упатување на нив;
- Во точката 22 е наведено дека иако некој производ, марка, име или заштитен знак се прикажани во програмата, сепак нивното изложување или споменување не смее да се прави на неприроден, прекумерен, или нападен начин со што видливо се промовира производот, услугата или марката;
- Во точката 23 е наведено дека водителите на програмите во кои се пласираат производи или услуги треба да избегнуваат да зборуваат со пофалби за квалитетот, цената или достапноста на производите или услугите, како и да даваат какви било позитивни оценки и препораки со кои се наведуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмат пласираните производи или услуги;
- Во точката 24 е наведено дека оценката за тоа дали во програмата има директно поттикнување или прекумерно истакнување на некој производ или услуга, се утврдува во секој одделен случај, врз основа на кој било од следниве критериуми:
    - карактеристиките на пласирањето, на пример: просторот што е издвоен на екранот или во студиото;
    - траењето и зачестеноста на споменувањето или прикажувањето;
    - целисходноста и оправданоста на споменувањето или прикажувањето од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма;
    - јазикот што се користи при споменувањето, односно визуелните средства при прикажувањето.

**23 септември 2022 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| **„Pastel“** | **17:03:05** | **17:50:09** |
| Прилог-презентација на производи на „Зегин“ и „ЈМ Органикс“ | 17:06:12 | 17:13:00 |
| **Опис на прекршувањето**<br><br>Во прилогот, промотивно се препорачуваат и им се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производите на „Зегин“ и „ЈМ Органикс“. | | |

**Цитат од презентацијата на производ на „Зегин“**

Водителка: „Ќе започнеме со нашиот редовен соработник од минатата сезона, а тоа е аптеката „Зегин", кој овојпат носи неколку прекрасни здравствени производи кои дефинитивно се соодветни особено за есенската и зимската сезона“[1];

**PRANARÔM – капсули**
„Направени се со семки од репка, оригано и лимон, кои придонесуваат за одржување на здравјето и респираторниот систем, а се наменети за возрасни и адолесценти осумнаесет плус. Значи, тие се тие што треба дефинитивно да ги имате и да се подготвите за студените сезони“[2];

**Цитат од презентацијата на производи на „JM Органикс“**

Водителка: „Една супер линија, драги пријатели. Значи, се што треба да направите за себе е многу едноставно, само со пребарување на JM Organics.mk на социјалните мрежи на фејсбук и инстаграм, за што дефинитивно ќе добиете супер резултати. Ова го кажуваме од она што вчера ни го кажа Калтрина, бидејќи има многу голем број клиенти кои се презадоволни од оваа линија и не случајно е една од најважните линии со кои всушност се гордее и овој бренд“[3].

## 8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на **членот 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, на 23 септември 2022 година, во издание на говорната-шоу програма со забавна медиумска функција „Pastel", промотивно се препорачуваа и им беше придадена претерана важност (истакнување или упатување) на производи на „Зегин“ и „JM Органикс".

---

[1] Изворно, на албански јазик: „"Do ta nisim me bashkëpunëtorin tonë të rregullt nga sezoni i kaluar që është farmacija "Zegin", ata të cilët sjellin kësaj rradhe disa produkte shëndetësore të mrekullueshme të cilat janë definitivisht të duhura sidomos për stinën e vjeshtës dhe dimrit."

[2] Изворно, на албански јазик: "Janë të krijuara me fara panxhari , rigon dhe limon, që kontribojnë në mirëmbajtjen e shëndetit dhe sistemit të frymëmarrjes, dhe janë të destinuara për të rriturit dhe adoleshent tetëmbëdhjetë plus . Kështuqë, janë një mast hevë që duhet patjetër ti keni dhe të parapërgatiteni për stinët më të ftohta."

[3] Изворно, на албански јазик: "Një super linjë kjo miq të dashur. Kështuqë, të gjithë ju për të bërë për vehte e keni shumë të thjeshtë vetëm duke i kërkuar JM Organics.mk në rrjetet sociale në facebook dhe instagram, sepse definitivisht do keni super rezultate. Këtë e themë nga ajo që na ka thënë Kaltrina dje, sepse ka pasur një numër shumë të madh të klientëve të cilët janë shumë të kënaqur nga kjo linjë dhe jo rastësishtë është një nga linjët më të rëndësishme me te cilat krenohet në fakt dhe ky brend."

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи – во рок од 30 (триесет) дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***